РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од непознат подносител, на 31-та седница, на продолжението на седницата одржано на ден 16 Јули 2020 година донесе

## Одлука

Постапката покрената по пријавата бр. 12-2604/1 од 06.05.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од непознат подносител, а со која се изразуваат сомневања, против -------------------------------------------, за сторени злоупотреби во областа на урбанизмот и градењето во корист на нему блиско лице - -------------, конкретно за тоа дека на катастарска парцела – КП бр. --------------, КО -----------------, ----------------------- која е во сопственост на -------------------, ----------------------------------, бесправно се вршат градежни работи – изградба на индивидуална куќа без издадено одобрение за градење, како и без плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, СЕ ЗАПИРА поради непотврденост и неоснованост на сомневањата во конкретниот случај.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино понатамошно надлежно постапување во предметот со број 12-2604 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12 -2604/1 од 06.05.2019 година.

Предметот со број 12 – 2604 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-2604 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-2604/1 од 06.05.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од непознат подносител.

Пријавата, која е со куса содржина и без прилог документација, содржи наводи и сомневања за злоупотреба на службената положба и овластувањата од службено лице ------------------------------, во областа на урбанизмот и градењето, во корист на нему блиско лице - ------------------, на тој начин што на катастарска парцела – КП бр. ---------------, КО ---------------------- која е во сопственост на ------------------, ------------------------------------------------, бесправно се вршат градежни работи – изградба на индивидуална куќа без издадено одобрение за градење, како и без плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, со што, како што се наведува, се оштетува буџетот на општина -------------------------.

При постапувањето по предметниот пријавен случај Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид наводите на подносителот, како е погоре наведено, а напоредно со тоа изврши и соодветни проверки по однос на нивната веродостојност и основаност.

Имено, заради целосно утврдување на фактичката состојба во предметниот пријавен случај Државната комисија презема процесни дејствија - достава на барање за податоци, информации и документација од општина ---------------------------------, како и од Агенцијата за катастар на недвижности.

Последователно, по достава на барањата, до Државната комисија за спречување на корупцијата беа/се доставени писмени одговори со прилог списи, односно и произнесување на службеното лице ------------------------ со прилог списи и фотографии. Имено, ------------------------------- до Државната комисија достави произнесување по однос на наводите од предметната пријава, оспорувајќи ги во целина од причини што објектот на кој се однесува пријавата претставувал ---------------------------, за што доставува копија од веверодостојна исправа од ------------------- година и копија од договор склучен помеѓу --------------------- и ------------------------, како и фотографии од објектот за кој нагласува дека поради дотраеност, во одреден период, од страна на сопственикот на истиот – ----------------------------, бил саниран, која интервенција не подразбира потреба од барање и издавање на одобрение за градење и плаќање на јавни давачки кон општината. Со писмениот одговор кој до Државната комисија го достави Агенцијата за катастар на недвижности, Оддление за катастар на недвижности Струга, за спорната катастарска парцела во КО ----------------------- до Државната комисија се доставени Имотен лист и Уверение за историски преглед на извршените запишувања на недвижниот имот од кои се утврдува дека индивидуалната станбена куќа на која се однесува пријавата била предмет на запишување на оставинска постапка и други промени, а дека првичните податоци за истата датираат од 1977 година.

Од сите прибавени списи и документација за овој пријавен случај Државната комисија констатира дека наводите од пријавата на подносителот не се основани и не се потврдуваат.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 16 Јули 2020 година под бр. 12- 2524/1**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Катица Николовска**

Николовска

По заклучок на ДКСК
Изработил: Христина Мишевска, Советник

Доставено до :
- Архива